Датум: _____________ Име и презиме: ______________________________

# Контролен тест за 9 одд.

## Тема 2 – Размножување кај растенијата

1. Кое тврдење е точно :
а. цветот секогаш има машки и женски делови
б.поленот се создава во прашниците, а јајце клетката во плодникот
в.прашниците имаат 1 антера
г. толчникот е изграден од устенце и плодник

2. Спојување на машката и женската гамета при оплодување кај цветот се случува во
а. Устенцето б.столбчето в.плодницата г.прашникот

3. За точно утрдување на кој вид припаѓа некое растение може да послужи:
а.коренот б.листот г.плодникот г.поленот

4.Во форензичката наука се користи употребата на полен затоа што:
а.нема 2 исти поленови зрна
б.сите поленови зрна се исти
в.поленовите зрна од исто растение се различни
г.поленовите зрна од различни растенија се исти

5.Сашо треба да истражи опрашување на цвет од бреза. Цветот е во ресесто соцветие и заклучил дека се опрашува со :
а. птици б.инсекти в.човек г.ветер

6. Јана треба да објасни зошто на поленовите зрна им треба помош да стигнат до јајце клетката:
а. затоа што поленовите зрна се мазни
б. затоа што поленовите зрна немаат способност за пливање како сперматозоидите
в.затоа што патот до јајце клетката е долг
г.затоа што немаат доволно енергија

7. Кое тврдење е точно:
а. тревата се опрашува со ветер, а глуварчето со инсекти
б.брезата со инсекти, а сончогледот со ветер
в. борот со инсекти , а дабот со ветер
г. оревот со ветре, а лешникот со инсекти

8. Учениците од 9 одделение се на прошетка во ливада. Тие забележале дека инсектите најмногу ги посетуваат цветовите на
а.тревата б. магарешкиот трн в. копривата г.врбата

9. Кои делови од цветот се одговорни за оплодување:
а. поленот и јајце клетката б.чашката и венчето
в.поленот и венчето г. јајце клетката и толчникот

obrazovanie.literatura.mk

10. Што е плод?
а. зрно грашок б.кикиритка в. јаготка г. Компир

11.Зошто семињата се расејуваат ?
а. новите растенија да имаат подобра шанса за преживување
б.за да се натпреваруваат кое повисоко ќе израсне
в. за да бидат далеку од родителското растение
г. за да ги има насекаде низ живеалиштето

12.Маја пробала да размножи растение по вегетативен пат. За таа цел го одбрала растението:
а. даб б.компир в.липа г.дрен

13.Предноста на бесполовото размножување се гледа во:
а. комбинирање на наследните особини од двата родитела
б.населување на поголеми површини по пат на расејување на семето
в.новите растенија се населуваат блиску до родителските
г.за кратко време се добиваат голем број на нови единки

14.Куркумата и бамбусот се рзмножуваат вегетативно со:
а.грутка б.ризом в.столон г.луковица

15.Семето кај растенијата потекнува од :
а.плодникот б.толчникот в.ембрионот г.семеновиот зачеток

16. Горјан прави дисекција на семе. Помеѓу котиледоните забележува :
а. зигот б.машка гамета в.женска гамета г.ембрион

17. Бојан треба да засади семка од грав. За успешно да изрти треба да на семето да му обезбеди:
а.светлина , вода и воздух
б.светлина, вода и топлина
в.топлина, вода и воздух
г.вода , воздух и почва

18.Дамјан засадил 4 саксии. Во секоја саксија ставил по 1 семка од пченица . Само пченицата во една саксија успешно изртела затоа што таа ги имала обезбедено следните услови
а.светлина , вода и воздух
б.светлина, вода и топлина
в.топлина, вода и воздух
г.вода , воздух и почва

19. При оплодување машката гамета се спојува со женската гамета во
а. семеновиот зачеток б. поленовата цевка в.столбчето г.устенцето
20.Што не е орган за вегетативно размножување:
а.ембрион б.столон в.ризом г.стебло

obrazovanie.literatura.mk